Агенција за остварување
на правата на заедниците

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

ДЕКЕМВРИ, 2025 година

Во согласност со член 17 став 1 од Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, Агенцијата за остварување на правата на заедниците донесува годишна програма за работа.

Основната надлежност на Агенцијата е доследно спроведување на уставно и со закон загарантираните права на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во Република Северна Македонија.

Годишната програма преставува насока за работа на Агенцијата во 2026 година, поддржана со реално спроведливи активности и проекти во функција на следење, промоција и подршка во остварување на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, особено во следните области и тоа: слободно изразување, негување и развивање на својот идентитет и особености, вработувањето во органите на државната управа и другите јавни институции на сите нивоа, образование на сите степени на својот јазик, изразување на своите културни особености, информирање на мајчин јазик како и поддршка на активности на граѓански организации како главни партнери во креирање на политиките.

При изработка на Годишната програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2026 година, Агенцијата се водеше од стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети за 2026 година и тоа:

1. Стратешки приоритети

Согласно стратешките приоритетии целинаВладатана РСМ за 2025година и тоа:

- алинеја 4 ИнтеграцијанаРепубликаСевернаМакедонијавоЕвропскатаУнија

- алинеја 8 целосноспроведуањенаОхридскиотрамковен договор, јакнењенамултикултурнатакохезија и промоцијанамултикултурнитевредности

2. Приоритетни цели:

- Подобрување на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% однаселението на РСМ,

- Обезбедување заштитни механизми на правата на припадниците на заедниците и подигање на свеста за истите

- Надзор над спроведување на правата на заедниците во сите со закон предвидени области и тоа образование, култура, информирање, вработување согласно со начелото на соодветна и правична застапеност, употреба на симболи и слично
- Зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор во креирање на политики и донесување на одлуки за спроведување и унапредување на правата на припадниците на заедниците

Истотака беа земени во предвиди реалните потреби на припадниците на заедниците и граѓанскиот сектор,ЕУ извештаите за напредок на Република Северна Македонија, како и новите надлежности на Агенцијата кои произлегуваат од текстот на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија кој беше донесен во текот на 2020 година.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Преку оваа годишна програма за работа Агенцијата ќе настојува во текот на 2026 година во целост даги исполни своите со закон предвидени задачи и обврски на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците преку реализација на стратешки програми содржани во Стратешкиот план на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2026-2028 година и тоа:

- **ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
- **ЗАШТИТА, ПРОМОЦИЈАИ НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**
- **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

Овие програми во целост ги подржуваат стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и во нив се вклучени препораките од

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија во контекст на ЕУ интеграциите и Извештаите на Владата по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

При изработка на програмите Агенцијата водеше сметка и за мерките предвидени во Националната Стратегија за развој на интеркултурализмот и општествена кохезија(2024-2026).

Програма 1: ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно со законските надлежности и стратешки приоритети на Агенцијата секоја година се спроведува следењена унапредувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населениетово Република Северна Македонија.

Оваа програма е целосно во согласност со приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија и тоа стратешките приоритети, интеграција на РСМ во Европската Унија и целосно спроведување на Охридскиот Рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности,градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, односно приоритетни цели: квалитетно управување со подготовката, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на првото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции, како и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и образование, унапредување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа и зајакнување на координацијата при изработката на годишните планови за вработување и афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците. Целите на оваа програма се подобрување на следењето на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ и зајакнати капацитети на вработените во АОПЗ за следење на состојбите во сите со закон предвидени области.

Показател за успешност на оваа програма на годишно ниво:

- Изготвени бази на податоци во следниве области: вработување согласно применана начелото на соодветна и правична застапеност, образование, култура, употреба на јазик и симболи, информирање и здруженија на граѓани.

- Реализирани работилници на тема –Остварување на граѓанските права и заштита од дискриминација во пет општини (Куманово, Прилеп, Кичево,Крушево и Кривогаштани), со цел подигање и јакнење на свеста на поширокатa јавност за

потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.

- Реализирани две работилници со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје – Работилница за здруженија на граѓани на помалубројните заедници за активна вклученост во процесот надонесување на одлуки на локално ниво.(Маврово и Велес)

- Реализирани обуки на десет жени, вработени во Агенцијата за остварување на правата на заедниците за основни менторски вештини со цел да обезбедат менторска поддршка на жените припаднички на заедниците под 20% за нивно учество во политичкиот и јавниот животво Република Северна Македонија.

Главни активнисти на оваа програма се:

- Изготвување на бази на податоци
- Анализа за образование
- Анализа за соодветна и правична застапеност
- Анализа за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани на помалкубројните заедници чии проекти биле поддржани од страна на Министерството за култура и од локалните самоуправи.
- Работилници –“ Остварување на граѓанските права и заштита од дискриминација” Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поддржани од проектот “ Борба против омразата и нетолеранцијата“ од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа, “Хоризонтален инструмент за западен Балкан и Турција III “ќе бидат реализирани работилницина локално ниво, со цел да ја доближат својата работа до граѓаните и претставниците на локалната заедница и локалната самоуправа и да ги претстават различните механизми за заштита на своите прва, со посебен акцент заштита од дискриминација.во неколку општини во РСМ.
- Стручно усовршување/ обуки на вработените жени за менторство со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на пилот менторската програма” Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот”.

Во рамките на овие наведени актвности ќе бидат вклучени и други релевантни институции, согласно правата кои се третираат. Горенаведените институции ќе бидат директно вклучени во реализација на активностите преку размена на податоци и информации во областа на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија.

Финансиските средства за реализација на оваа програма се обезбедени преку донации.

За оваа програма ќе биде одговорен Секторот за следење на остварувањето, унапредување, заштитата и промоција на правата на заедниците.

Програма 2: ЗАШТИТА, ПРОМОЦИЈА И НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Агенцијата за остварување на правата на заедниците,согласно законските надлежности и стратешки приоритети и цели секоја година се стреми за унапредување на заштитата, промоција и надзор над спроведувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% ,

Оваа програма е целосно во согласност со приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија и тоа стратешките приоритети, интеграција на РСМ во Европската Унија и целосно спроведување на Охридскиот Рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности,градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, односно приоритетни цели: квалитетно управување со подготовката, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на првото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции, како и Акциискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и образование, унапредување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа и зајакнување на координацијата при изработката на годишните планови за вработување и афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

Целите на оваа програма се обезбедување заштитни механизми на правата на припадниците на заедниците и подигање на свеста за истите и надзор над спроведување на правата на заедниците во сите со закон предвидени области и тоа образование, култура, информирање,соодветна и правична застапеност, употреба на симболи и слично и подобрена комуникација на Агенцијата со поширојката јавност.

Показател за успешност на оваа програма на годишно ниво:

- **Реализирани четири Партиципативни форуми:**

  “Улогата на помалубројните заедници во зајакнувањето на општествената кохезија”
  Беше презентирана Стратегијатазаинтеркултурализам и социјалнакохезијасо Акцискиот план (2024-2026).
  Восоработкасозаедничкиотпроектна ЕУ и СоветотнаЕвропазаборбапротивомразата и нетолеранцијатавоРСМ, одржан на 29.05.2025 година,

  “Врсничкото насилство како пречка за инклузивност и доверба меѓу заедниците”
  Восоработкасозаедничкиотпроектна ЕУ и СоветотнаЕвропазаборбапротивомразата и нетолеранцијатавоРСМ, одржан на 16.11.2025 година

  “15 години Партиципативен форум” со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

  “Нацрт акциски план за заштита и унапредување на правата на припадниците на заедниците”во соработка со Министерство за надворешни работи и надворешна трговија и Советот на Европа.

  - Испечатени брошури на сите јазици на заедниците под 20% по повод јубилејот 15 год.Партиципативен форум.

- Одржани промотивни активности “ Отворени денови” во две општини: Студеничани и Штип.

- Одржана културна манифестација по повод 10 ти декември- меѓународен ден на човековите права

Главни активности на оваа програма се:

- Одржување на партиципативни форуми
- Измена на методологијата за работа на партиципативниот форум

- Отворени денови на локално ниво со припадниците на заедниците , советите на општините, локалната самоуправа и комисиите за односи меѓу заедниците.
- Изготвување на Стратегија за развој на интеркултурализам и општествена кохезија 2027- 2032 со Акциски план во соработка со Министерството за односи меѓу заедниците.
- Организирање на трибини/ тркалезна маса со директорите и стручните служби на основните училиштата за редовната настава на јазиците на заедниците и изборниот предмет Јазик и Култура.
  - Промоција на културата на заедниците
  Организирање културна манифестација “Различностите нè зближуваат” по повод 10 декември Меѓународниот ден на човекови права.
- Редизајнирање и преуредување на веб – страницата на Агенцијата.
- - Изготвување на ПР-стратегија , јакнење на социјалните мрежи на АОПЗ и пишување на редовни соопштенија за сите спроведени активности и одржување на прес- конференции

Во овие актвности ќе бидат вклучени и други релевантни институции, согласно законските надлежности.

Горенаведените институции и граѓански организации ќе бидат директно вклучени во реализација на активностите преку размена на податоци и информации, како и нивна директна вклученост во кампањите за подигање на свеста за потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во Република Северна Македонија.

За реализација на сите активности од оваа програма навремено ќе биде информирано и Министерството за европски прашања, со цел да бидат соодветно координирани со обврските преземени во процесот на подготовка на земјата за членство во Европската Унија.

Финансиските средства за реализација на оваа програма се обезбедени преку донации.

За оваа програма ќе биде одговорен Секторот за следење на остварувањето, унапредување, заштитата и промоција на правата на заедниците.

Програма 3: ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Врз основа на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во Република Северна Македонија, Агенцијата има обврска за операционализација на фондот за финаснсиски средства за остварување напосебни програми за спроведување и унапредување на припадниците на заедниците, а кои се однесуваат за поддршка на проектни активности на граѓански здруженија од заедниците во 2026 година .

Оваа програма е целосно во согласност со приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија и тоа стратешките приоритет на Владата на РСМ успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија и целосно спроведуање на Охридскиот рамковниот договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, односно приоритетни цели: квалитетно управување со подготовката, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на првото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции, како и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и образование, унапредување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа и зајакнување на координацијата при изработката на годишните планови за вработување и афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците. Целите на оваа програма се подобрување на следењето на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ и зајакнати капацитети на вработените во АОПЗ за следење на состојбите во сите со закон предвидени области.

Целта на оваа програма е зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор во креирање на политики и донесување на одлуки за спроведување и унапредување на правата на припадниците на заедниците.

Показател за успешност на оваа програма на годишно ниво:

- Доделени финанскиски средстваод фондот на финански средства на Агенцијата за остварување на правата на заедниците во висина од 100.000 денари за проектот “Различностите нѐ зближуваат” на граѓанското здружение КУД ЈЕНИ ЈОЛ - Скопје

Како главни активности на оваа програма се:

- Организирање на обуки и работилници за граѓанскиот сектор
- Развивање на проектни активности на АОПЗ со граѓански организации од заедниците.

Во овие актвности ќе бидат инволвирани и други релевантни институции,согласно законските надлежности.

Горенаведените институции и граѓански организации ќе бидат директно вклучени во реализација на активностите преку размена на податоци и информации, а Министерерството за односи меѓу заедниците со свој член директно ќе учествува во Комисијата за доделување на финансиски средства за проектни активности на граѓанските организации.

Финансиските средства за реализација на оваа програма се обезбедени преку донации.

За оваа програма ќе биде одговорен Одделението за усогласување и координација на работата на државната управа и промоција на правата на заедниците.

Мерки иактивностинана Агенцијата за остварување на правата на заедницитеза2026 година:

Мерки	Активности	Временска рамка				Финансиски средства	Организациски облик
		Квартал 1	Квар тал 2	Квар тал 3	Квар тал 4		
	Изготвување на бази на податоци	×	×	×	×	Буџет на РСМ за 2026 година, Програма 2 –	Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето,

						Остварување на правата на заедниците, Потпрограма 20 - Остварување на правата на заедниците, Раздел 04012 – Агенција за остварување на правата на заедниците.	заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Анализа за соодветна и правична застапеност						
	Анализа за образование						
	Анализа за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани на помалкубројните заедници чии проекти биле поддржани од страна на Министерството за култура и од локалните самоуправи.						
	Работилници –“ Остварување на граѓанските права и заштита од дискриминација” Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поддржани од проектот “ Борба против омразата и нетолеранцијата“ од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа, “Хоризонтален инструмент за западен Балкан и Турција III “ќе бидат реализирани работилницина локално ниво, со цел да ја доближат својата работа до граѓаните и претставниците на локалната заедница и локалната самоуправа и да ги претстават различните механизми за заштита на своите прва, со посебен акцент заштита од дискриминација.во неколку општини во РСМ.			x	x		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Стручно усовршување/ обуки на вработените жени за менторство со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на пилот менторската програма” Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот”.	x	x	x	x		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Одржување на партиципативни форуми	×	×	×	×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Измена и дополнување на методологијата за работа на партиципативниот форум	x	x	x	x		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Отворени денови на локално ниво со припадниците на заедниците , советите на	×	×	×	×	Буџет на РСМ за 2026 година,	Сектор за следење на остварувањето,

	општините, локалната самоуправа и комисиите за односи меѓу заедниците.					Програма 2 – Остварување на правата на заедниците, Потпрограма 20 - Остварување на правата на заедниците, Раздел 04012 – Агенција за остварување на правата на заедниците.	унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Изготвување на Стратегија за развој на интеркултурализам и општествена кохезија 2027- 2032 со Акциски план во соработка со Министерството за односи меѓу заедниците.	×	×	×	×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Организирање на трибини/ тркалезна маса со директорите и стручните служби на основните училиштата за редовната настава на јазиците на заедниците и изборниот предмет Јазик и Култура.		×		×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Организирање културна манифестација “Различностите нè зближуваат” по повод 10 декември Меѓународниот ден на човекови права. Промоција на културата на заедниците	×	×	×	×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Организирање на обуки и работилници за граѓанскиот сектор	×	×	×	×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Развивање на проектни активности на АОПЗ со граѓански организации од заедниците		×	×	×		Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
	Редизајнирање и преуредување на веб – страницата на Агенцијата.	×	×	×	×		Одделение за стручно-административни и општи работи
	Изготвување на ПР-стратегија , јакнење на социјалните мрежи на АОПЗ и пишување на редовни соопштенија за сите спроведени активности и одржување на прес-конференции	×	×	×	×		Одделение за стручно-административни и општи работи